# Дневна хемеротека за 28.05.2015г.

## МИА- Презентирани искуства и визии за регионално управување со отпад во Македонија за достигнување на европските стандарди

ЧЕТВРТОК, 28 МАЈ 2015, 10:42:34

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

**Презентирани искуства и визии за регионално управување со отпад во Македонија за достигнување на европските стандарди**

Препорачај 0

среда, 27 мај 2015 15:15



**Скопје, 27 мај 2015 (МИА)** - Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, денеска во Охрид се обрати на четвртата по ред меѓународна конференција на тема „Регионално управување со отпад".

На настанот, соопшти Министерството за животна средина и просторно планирање, странски и домашни експерти од областа на управување со отпадот, ги презентираат своите трудови со цел да седаде визија за правецот во кој треба да се движиме и начинот на кој треба да ја третираме околината.

Причините што сегашната состојба со управувањето со отпадот во Македонија, не ги задоволува посакуваните стандарди, според министерот Изаири, се во неконтролираното фрлање на отпадот од страна на несовесните создавачи на отпад (компании или граѓани) и создавањето на т.н. диви депонии, но и на лошото работење на комуналните претпријатија, како и на фактот што собирањето на комуналниот отпад се врши само на околу 70 отсто од територијата на државата. Посочи дека дел од комуналните претпријатија имаат финасиски проблеми и стара механизација што дополнително влијае на квалитетот на управувањето со отпадот, а од друга страна, со несоодветно постапување со отпадот се губат и значајни материјали и енергија.

Според него, од овде произлегува потребата што се преземаат радикални мерки за да може да се воспостави добар систем за управување со отпадот. Заради надминување на состојбата, а со цел да се реализираат ефективни и ефикасни системи за управување со отпадот, нагласи министерот, донесени се измени и дополнувања на Законот за управување со отпад во насока на воспоставување на моделот на интегрирано регионално управување со отпадот .

Во врска со имплементацијата на овие мерки, Изаири рече дека во септември 2014 беа усвоени Регионални планови за управување со отпад за Источниот и Североисточниот плански регион, финасирани од ИПА проектот „Подготовка на Регионални планови за управување со отпад за Источниот и Североисточниот плански регион“.

- Подготвени се проектни задачи за „Подготовка на проектни студии (физибилити студии, оценка на влијанието врз животната средина, анализа на трошоци), главен проект и помош за подготовка на тендерска документација за изградба на регионални депонии и трансфер станици согласно со ЕУ стандардите за Источниот и Североисточниот плански регион“, во висина од 2,5 мил. евра, финансирани преку оперативната програма за регионален развој 2010-2011. Проектот ќе стартува во втората половина на 2015 и ќе се имплементира во период од  24 месеци, рече Изаири.

Во тек се, исто така, посочи, две проектни задачи за подготовка на техничка спецификација за јавна набавка на опрема и проектна документација за затворање на нестандардните депонии во овие два региона, а целта на овие проекти е да се донесат сите плански документи како и тендерска документација и во 2017 година преку ИПА 2 програмата да се аплицира за инфраструктурни проекти за финансирање на изградба на две регионални депонии и трансфер станици.

- Беа подготвени проектни задачи за другите 4 региони (Пелагониски, Скопски, Вардарски и Југозападен), врз основа на кои ќе бидат развиени документи потребни за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпадот во овие региони, кои ќе бидат финансирани во рамки на ИПА Компонента 3. Вредноста на проектот е 3,9 милиони евра и ќе се имплементира во период од 15 месеци. Целта е да се подготват четири регионални планови за управување со отпад и физибилити студии за инвестициски проекти со оценка на влијанието врз животната средина, финансиска анализа и тендерската документација за апликација за средства за изградба на депонии. Проектот се очекува да почне во втората половина на 2015 година, рече Изаири.

Потенцира дека во септември 2014 година беше донесена одлука за прекин на постапката за доделување на концесија за регионално интегрирано управување со комуналниот отпад во Полошкиот плански регион и Југоисточниот плански регион.

- Општините во Југоисточниот и Полошкиот плански регион во јануари годинава донесоа одлуки за склучување на спогодба за здружување за воспоставување на систем за управување со отпад на регионално ниво и формираа Меѓуопштински одбор и Регионални центри за управување со отпад. Здружените општини во регионот, се во фаза на донесување на целокупната планска документација и донесена е заедничка одлука да се распише нов јавен повик за започнување на постапка за доделување на концесија за регионално интергрирано управување со комуналниот отпад во овие два региони, додаде Изаири.

На настанот се обратија и извршниот директор на АДКОМ, Лолита Стојановска, претседателот на АДКОМ, Игор Спасовски, претставникот на ЈП Комунална хигиена-Скопје, Ракип Дочи, заменик-градоначалникот на Град Охрид, Ангел Јанев и претставник од ЗЕЛС.

Конференцијата ја организираат АДКОМ и ЈП Комунална хигиена Скопје, под покровителство на Министерство за животна средина и просторно планирање. **рп/дма/15:14**

## Сител - *Презентирани искуства и визии за регионално управување со отпад во Македонија за достигнување на европските стандарди*

БИЗНИС | 27 МАЈ 2015 - 3:17PM

# Презентирани искуства и визии за регионално управување со отпад во Македонија за достигнување на европските стандарди

g+1 0 Tweet 0 Ми се допаѓа 0 Препорачај 0

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, денеска во Охрид се обрати на четвртата по ред меѓународна конференција на тема „Регионално управување со отпад“.



На настанот, соопшти Министерството за животна средина и просторно планирање, странски и домашни експерти од областа на  управување со отпадот, ги презентираат своите трудови со цел да седаде визија за правецот во кој треба да се движиме и начинот на кој треба да ја третираме околината.

Причините што сегашната состојба со управувањето со отпадот во Македонија, не ги задоволува посакуваните стандарди, според министерот Изаири, се во неконтролираното фрлање на отпадот од страна на несовесните создавачи на отпад (компании или граѓани) и создавањето на т.н. диви депонии, но и на лошото работење на комуналните претпријатија, како и на фактот што собирањето на комуналниот отпад се врши само на околу 70 отсто од територијата на државата. Посочи дека дел од комуналните претпријатија имаат финасиски проблеми и стара механизација што дополнително влијае на квалитетот на управувањето со отпадот, а од друга страна, со несоодветно постапување со отпадот се губат и значајни материјали и енергија.

Според него, од овде произлегува потребата што се преземаат радикални мерки за да може да се воспостави добар систем за управување со отпадот. Заради надминување на состојбата, а со цел да се реализираат ефективни и ефикасни системи за управување со отпадот, нагласи министерот, донесени се измени и дополнувања на Законот за управување со отпад во насока на воспоставување на моделот на интегрирано регионално управување со отпадот .

Во врска со имплементацијата на овие мерки, Изаири рече дека во септември 2014 беа усвоени Регионални планови за управување со отпад за Источниот и Североисточниот плански регион, финасирани од ИПА проектот „Подготовка на Регионални планови за управување со отпад за Источниот и Североисточниот плански регион“.

- Подготвени се проектни задачи за „Подготовка на проектни студии (физибилити студии, оценка на влијанието врз животната средина, анализа на трошоци), главен проект и помош за подготовка на тендерска документација за изградба на регионални депонии и трансфер станици согласно со ЕУ стандардите за Источниот и Североисточниот плански регион", во висина од 2,5 мил. евра, финансирани преку оперативната програма за регионален развој 2010-2011. Проектот ќе стартува во втората половина на 2015 и ќе се имплементира во период од  24 месеци, рече Изаири.

Во тек се, исто така, посочи, две проектни задачи за подготовка на техничка спецификација за јавна набавка на опрема и проектна документација за затворање на нестандардните депонии во овие два региона, а целта на овие проекти е да се донесат сите плански документи како и тендерска документација и во 2017 година преку ИПА 2 програмата да се аплицира за инфраструктурни проекти за финансирање на изградба на две регионални депонии и трансфер станици.

- Беа подготвени проектни задачи за другите 4 региони (Пелагониски, Скопски, Вардарски и Југозападен), врз основа на кои ќе бидат развиени документи потребни за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпадот во овие региони, кои ќе бидат финансирани во рамки на ИПА Компонента 3. Вредноста на проектот е 3,9 милиони евра и ќе се имплементира во период од 15 месеци. Целта е да се подготват четири регионални планови за управување со отпад и физибилити студии за инвестициски проекти со оценка на влијанието врз животната средина, финансиска анализа и тендерската документација за апликација за средства за изградба на депонии. Проектот се очекува да почне во втората половина на 2015 година, рече Изаири.

Потенцира дека во септември 2014 година беше донесена одлука за прекин на постапката за доделување на концесија за регионално интегрирано управување со комуналниот отпад во Полошкиот плански регион и Југоисточниот плански регион.

- Општините во Југоисточниот и Полошкиот плански регион во јануари годинава донесоа одлуки за склучување на спогодба за здружување за воспоставување на систем за управување со отпад на регионално ниво и формираа Меѓуопштински одбор и Регионални центри за управување со отпад. Здружените општини во регионот, се во фаза на донесување на целокупната планска документација и донесена е  заедничка  одлука да се распише нов јавен повик за започнување на постапка за доделување на концесија за регионално интергрирано управување со комуналниот  отпад во овие два региони, додаде Изаири.

На настанот се обратија и извршниот директор на АДКОМ, Лолита Стојановска, претседателот на АДКОМ, Игор Спасовски, претставникот на ЈП Комунална хигиена-Скопје, Ракип Дочи, заменик-градоначалникот на Град Охрид, Ангел Јанев и претставник од ЗЕЛС.

Конференцијата ја организираат АДКОМ и ЈП Комунална хигиена Скопје, под покровителство на Министерство за животна средина и просторно планирање.

## ВМТ - *Охрид и Струга сеуште без регионална депонија*

ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА

НАСЛОВНА | ВЕСТИ | ВИДЕО | ПРОГРАМА | LOGIN

Home / Вести / Охрид / Охрид и Струга сеуште без регионална депонија

27 Мај 2015

### ОХРИД И СТРУГА СЕУШТЕ БЕЗ РЕГИОНАЛНА ДЕПОНИЈА

Written by Нелоска Валентина.



Охрид, Струга и југозападниот регион се сеуште без регионална депониј. Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Незири проблемот со депониите го посочува од два аспекти, од техничка и финансиска природа. Ние с етрудиме со Законска регулатива и со средства од ИПА фондовите да најдеме решение.Се работат планови, но министерот нема конкретен одговор кога ќе бидат отворени регионалните депонии. Тој појаснува дека за два региони проектите се завршени и ќе отпочнат со средства од ИПА фондовите кој чинат 3,9 милиони евра, вели Нурхан Незири.

„ Вие знаете дека има многу диви депонии тие да се затвараат се потребни големи средства, а ако кажеме дека за тоа се задолжени само локалните власти, а без финсики сретдва тоа не е можно“, вели Незири.

Во државава има само една регионална депонија Дрисла, Скопје. Сите останати региони прават напори за изградба на вакви депонии.Од друга старна во светот отпадот с екористи како суровина за енергија, ние сеуште заостануваме на тој план, вели и привот човек на ЈП КОмуналан хигиен од Скопје, Ракип Дочи.



„За жал нивото на искористување кај нас е на ниско ниво, тоа не е едноставна работа.Во РМ иако се обидуваме да воспоставиме селективен отпад има категорија на граѓани кои го уништија сситемот , граѓани кои имаат егзистенцијални проблеми", напоменува Дочи.

Охрид и Струга мака мачат со депониите и се наметнува прашањето дали општините ќе се договорат за регионална депонија.

„ Јас се надевам дека и Охрид и Струга тешко то аќе го направат без помош на владата и ресорните министерства. Од друга страна и ние како ЛС треба да помогнеме во имплементација на ИПА2 да прибереме повеќе е пари за решавање на овој проблем", напоменува Јанев.

Решавањето на проблемот со цврстиот отпад е и едно од барањата на ЕУ. Македонија беше обврзана да ги воведе европските стандарди за поеколошко управување со цврстиот отпад до 2013 година.

На Конференција насловена „Управување со цврст отпад", домашни и странски експерти ги презентираат сопствените искуства од областа на управување со отпадот, како едно од најзначајните прашања поврзани со заштитата на животната средина.

## OhridNews- *Изаири: Постапката за прогласување на Студенчишко блато за споменик на природата е во тек*

OHRIDNEWS.com информирај се

**Изаири: Постапката за прогласување на Студенчишко блато за споменик на природата е во тек**

Вести | Охрид | 28.05.2015 07:00 Посети : 259

**-Постапката за прогласување на Студенчишко блато за споменик на природата е во тек и службите работат на тоа.-** изјави на прашање на OhridNews министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири. Тој во Охрид присисуствуваше на меѓународната конференција за управување со отпад, што започна вчера.



Студенчишко блато е предмет на дебата во јавноста месеци наназад, откако беа соопштени намерите на властите на овој простор да се гради туристичка развојна зона со марина и пропратни содржини, со можност еден мал дел од блатото да се ревитализира и заштити.

Експертите предупредија дека евентуалната урбанизација на Студенчишкото блато негативно ќе се одрази врз живиот свет, но и врз севкупниот еко систем на Охридското Езеро. Ова меѓу другото е наведено и во стратегиската оцена за влијание на животната средина на измените на Генералниот урбанистички план на Охрид 2014 – 2024, а која ја изготви Градежниот институт „Македонија" од Скопје.

**-Генерално ќе постојат големи влијанија врз Студенчишкото блато. Меѓутоа Студенчишкото блато и Охридското Езеро не смееме да ги гледаме засебно, тоа е голем еко систем којшто треба да се гледа заеднички. Самото Студенчишко блато, односно Урбана заедница 17.1 изобилува со огромен биодиверзитет, односно со видови кои се реликтни, кои останале непроменети од моментот на нивното создавање пред 2-3 милиони години, исто така голем број на видови коишто се ендемични и кои се среќаваат само тука и на никое друго место во светот. Токму затоа велиме дека вредноста на Студенчишко блато е во неговата природна состојба. Таа треба да се заштити и да остане како што е, односно да не се извршат измени во намената на ова земјиште и да остане строго заштитена зона.-**беше истакнато во оцената за влијанието врз животната средина што ја презентираше Генералниот урбанистички план на Охрид 2014 – 2024 во кој е опфатено и Студенчишко блато, на јавната расправа што се одржа во февруари годинава.



По низа прозивки, но и различни ставови изнесени во јавноста, но и во советот на општината од страна на вработени во институцијата, Хидробиолошкиот завод Охрид, минатиот месец излезе со соопштение во кое се посочува дека установата има јасно изграден став во врска со блатото, донесен на седница на советот на установата, како и дека истиот е проследен до надлежните институции и изготвувачот на ГУП за град Охрид.

**-Во даденото стручно мислење од страна на Советот на ЈНУ Хидробиолошки завод (кој е составен од 6 доктори на науки) беше истакнато дека треба да се обрне внимание на строга заштита на Студенчишкото Блато кое е природен резерват на ендемични растителни и животински видови и плодишта за многу видови ципринидни риби. На крај беше напоменато дека на овој локалитет треба да се избегнуваат секаков вид на градежни активности. Хидробиолошки завод секогаш стои во заштита на животната средина и во заштита на Охридското Езеро како непроценливо богатство.** - соопшти Советот на ЈНУ Хидробиолошки завод.

Во заштита на блатото застанаа граѓански здруженија и екологисти, а формирана е и онлајн група која ја поддржаа голем број јавни личности, интелектуалци и граѓани.

## Aktuele - *Izairi:Gjendja e tanishme nuk kënaq standardet/Doci: Vizioni jonë.Shkupi pastër*

aktuale.mk
...për të qenë dhe Ti aktual!



# IZAIRI: Gjendja e tanishme nuk kënaq standardet/ DOÇI: Vizioni jonë, Shkupi i pastër

on: 27/05/2015 In: Aktuale, Maqedoni

Gjendja e tanishme me mbeturinat ne Maqedoni ende nuk i kënaq standardet e dëshiruara, tha ministri i Mjedisit te jeteses dhe planifikimit hapsiror Nurhan Izairi, ne hapjen e Konferences se katert nderkombetare per menaxhim me mbeturina qe e organizon NP Higjiena Komunale dhe Shoqata Adkom.

"Ne Maqedoni ka mangesi organizative dhe teknike qe rezulton ne sisteme jofunksionale, duke reflektuar me efekte negative per mjedisin jetesor dhe shendetin e njerezve. Ne shtetin tone ka vetem nje deponi me leje te integruar ekologjike, gjitha te tjerat jane te paligjshme, meqe nuk i plotesojne standardet e percaktuara per deponi. Fatkeqësisht disa prej tyre paraqesin rrezik serioz per te gjithe ne", tha Izairi, njofton Aktuale.mk.

Nga ana tjeter Rakip Doçi, drejtor ne Higjienen Komunale, tha se mbetet vizion i tyre kryesor Shkupi i paster. "Shkupi me mbi 600 mije banore edhe mbi 100 mije vizitore ne dite, per çdo 24 ore krijon 400 deri 500 tonelata mbeturina, ndersa neve si ndermarrje me mbi 1200 punetore na mbetet qellimi strategjik bashke me qytetaret te mbrojme pastertine e ambientit" u shpreh Doçi. Punimet e konferences vazhdojne deri neser ku marrin pjese eksperte te sferes ekologjike nga vendi dhe rajoni duke prezantuar pervojat ne vendet e tyre.

## Дневник - *Југохром“ оди во стечај, нема да има застој и отпуштања*

**Дневник** ONLINE

ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР ОДОБРИ СУДСКО БАРАЊЕ

### „ЈУГОХРОМ“ ОДИ ВО СТЕЧАЈ, НЕМА ДА ИМА ЗАСТОЈ И ОТПУШТАЊА



Комбинатот за феролегури „Југохром“ е во стечај откако Централниот регистар вчера ја одобри судската пријава за стечај на компанијата од Јегуновце. Стечајот се отвора по предлог на доверител на фирмата, а веќе е назначен и стечаен управник кој допрва во „Службен весник“ ќе објави оглас за пријава и на други доверители на комбинатот. Од раководството на „Југохром“ сепак објаснуваат дека и покрај ова, комбинатот ќе продолжи да работи, нема да има застој, ниту отпуштања, а сета процедура ќе заврши со реорганизација на компанијата.

Во известувањето од Централниот регистар стои дека одобриле да почне судската процедура за стечај.

- Централниот регистар, постапувајќи по пријавата за упис на промена - запишување на податок за доделена стечајна сметка во Друштво за производство трговија и услуги „Југохром Фероалојс“ Јегуновце - во стечај, со примена на член 59 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, го донесе следното решение за одобрување на пријавата од 27.5.2015 година за судска процедура - стечај - стои во соопштението.

Назначениот стечаен управник Сашо Георгиевски за „Дневник“ вели дека стечајот се отвора по барање на доверител.

- Има решение, процедурата е во тек. Во „Службен весник“ ќе објавиме оглас за да се пријават и други доверители, па ќе се види дали компанијата ќе оди во ликвидација или ќе се реорганизира - вели Георгиевски.

Директорот на „Југохром“, Васко Скендеровски, уверува дека за еден месец ситуацијата треба да се нормализира и компанијата ќе се реорганизира.

- Комбинатот работи и ќе продолжи со работа со моментниот капацитет и со сите ангажирани работници. Сите обврски и доверители очекуваме да бидат намирени - изјави Васко Скендеровски, директор на „Југохром“.

Инаку во комбинатот во тек е процедура за изградба на филтри на печките, процес со кој компанијата треба да ги исполни еколошките стандарди во работењето.

„Југохром“ учествува со околу еден процент во вкупниот домашен бруто-производ (БДП) на Македонија, а извозот од овој комбинат е седум проценти од вкупниот извоз во земјата. Моментно работи со 1.100 вработени и со половина капацитет. (А.Т.)

## Вечер - Одобрено отворање судска процедура за стечај на Југохром

Централниот регистар одобри започнување на судска процедура за стечај за Југохром од Јегуновце . Ова стои во решението на Централниот регистар објавено претпладнево, пишува Капитал. Во решението се наведува: „Централниот Регистар на Република ..

## +инфо - Југохром“ оди во стечај?

Централниот регистар денеска објави дека одлучил да одобри започнување на судска процедура за стечај за компанијата „Југохром“ од Јегуновце. „Централниот регистар, постапувајќи по пријавата за упис на промена-запишување на податок за доделена ...

## Капитал - Југохром оди во стечај ?!

Централниот регистар одобри започнување на судска процедура за стечај за Југохром од Јегуновце . Ова стои во решението на Централниот регистар објавено претпладнево. Таму дословно се наведува дека: „Централниот Регистар на Република Македонија преку

## Lajm - Falimentimi, e jo BDI-ja shpëton Tetovën nga Jugohromi?

# Falimentimi, e jo BDI-ja shpëton Tetovën nga Jugohromi?

Para 18 ore e 22 minuta

Madhësia: − +



Regjistri Qendror ka dhënë pëlqim për fillim të procedurës gjyqësore për falimentim të fabrikës Jugohrom nga Jegunoci. Kjo qëndron në vendimin e regjistrit qendror të publikuar sot para dite, raporton "Kapital". Në këtë mënyrë, falimentimi ka gjasa të tregohet subjekt më i fuqishëm se BDI-ja që do të shpëtojë tetovarët nga helmi i kësaj fabrike të vetme në Maqedoni, që mori leje dyvjeçare për të vazhduar punën pa përmbushur standardet ekologjike, rasporton "lajmpress.com".

"Regjistri Qendror i Republikës së Maqedonisë përmes regjistruesit Dobre Naunov, duke vepruar në bazë të fletëparaqitjes për regjistrim të ndryshimit-regjistrimit të informatës për xhirollogari të dedikuar falimentuese në Shoqatën për prodhim, tregti dhe shërbime JUGOHORM FEROALOJS DOOEL Jegunoc- në falimentim, me aplikimin e nenit 59 të Ligjit për sistem njësportel dhe për evidentimin e regjistrit tregtar dhe regjistrit të personave tjerë juridikë, e solli vendimin në vijim për miratim të fletëparaqitjes nga data 27.05.2015 për Procedurë Gjyqësore-Falimentim".

Në ndërkohë është caktuar edhe drejtori falimentues. Bëhet fjalë për njëfarë Sasho Georgievski nga Shkupi, nga lista e drejtorëve të autorizuar falimentues. "Jugohrom" është fabrika e vetme në Maqedoni që fitoi prolongim dyvjeçar të afatit për pajisje me Leje të integruar ekologjike të kategorisë A, me kusht që të përgjysmojë prodhimin dhe ndotjen e ajrit ta ulë për 60 për qind. Udhëehqësia e fabrikës në muajin mars paralajmëroi vendosje të filtrave, mirëpo si duket varianti i falimentimit është më profitabil.

Qeveria VMRO-BDI, si dhe ministri i ekologjisë Nurhan Izairi asnjëherë nuk morën parasysh kërkesat e shumta të qytetarëve tetovarë për mbyllje të kësaj fabrike, deri sa nuk plotëson standardet ekologjike. Tetova vitet e fundit është qyteti më i ndotur në Evropë dhe ndër më të ndoturit në botë.

**Portalb** - ***Jugohromi shpallet i falimentuar***

# Jugohromi shpallet i falimentuar




Fabrika e Jugohromit

Sot në Drejtorinë e të hyrave publike të Republikës së Maqedonisë është vërejtur ndryshim i statutit të Shoqatës për prodhimtari, tregëti dhe shërbime Jugorhom Feroalojs DOOEL Jegunovce – si e falimentuar.


Обрасци
Статистика
Публикации
Прашања и одговори

Е-ДАНОЦИ | ФИЗИЧКИ ЛИЦА | ПРАВНИ ЛИЦА | МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

ПРЕБАРУВАЊЕ НА ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ

Внесете назив, седиште, единствен даночен број (ЕДБ) или матичен број (МБ) на даночниот обврзник

ДАНОЧЕН КАЛЕНДАР »

| П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 | 2 | 3 |
| 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |

ДАНОЧЕН РЕЧНИК

ПРЕГЛЕД НА ДАНОЧЕН ОБВРЗНИК

| ПРЕГЛЕД НА ОСНОВНИТЕ ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| Назив | Друштво за производство трговија и услуги ЈУГОХРОМ ФЕРОАЛОЈС ДООЕЛ Јегуновце-во стечај |
| Правна форма | Д.О.О.Е.Л. ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ЕДНО ЛИЦЕ |
| Дејност | Производство на сурово железо челик и феролегури |
| ЕДБ | MK4060010509309 |
| Матичен број | 6560563 |
| Жиро сметка | 000200002205086442 |
| Депонент банка | СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ |
| Адреса | С. ЈЕГУНОВЦЕ 66 |
| Место | ЈЕГУНОВЦЕ |
| Телефон | |
| Факс | |

ПРИСТАП ДО ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ

Пристап до повеќе податоци им е овозможен само на одредени државни институции. За да добиете пристап до повеќе информации најавете се со Вашето корисничко име и лозинка.

"Jugohromi" është e vetmja fabrikë që fitoi një zgjatje dy-vjeçare të afatit për marrjen e lejes së integruar mjedisore, vetëm nën kushtin – të përgjysmojë prodhimin dhe ta ulën në 60 për qind ndotjen e ajrit. E reja e fundit në lidhje me këtë çështje është nga marsi i vitit 2015, kur kryesia e Jugohromit njoftoi se instalimi i filtrave në oxhaqet do të fillojë.

Viteve të fundit banorët e rajonit të Pollogut kanë shprehur revoltën e tyre, sidomos tetovarët për ndotjen masive që kjo fabrikë ia bën këtij regjioni. U organizuan disa protesta si dhe u dërguan letra e shkresa deri te qeveritarët të reagojnë pasi që është rritur numri i të sëmurëve në Tetovë dhe dyshohet që ajri i ndotur ka kontribuuar shumë në këtë gjendje.